Неделна Тема	Како го мериме времето
Содржина на денот	Ден и ноќ
Возраст	4-6 години
Воспитувач	Сања Ѓуреска
Дневни активности	
Здрави и безбедни навики	Усвојување на културно- хигиенски навики при користење на ликовните материјали (да се работи уредно, отпадоците да се фрлаат во корпа, да се врати ликовниот прибор на место откако ќе ја завршиме активноста).
Активности	Активноста ќе започне со разговор по слика на тема „Ден –ноќ“. Преку разговор ќе се утврдат веќе стекнатите знаења и ќе се повтори како настанува денот, а како ноќта, што претставува денот - светлина, сонце, а што ноќта- темнина, месечина, ѕвезди. Водете разговор дека целата светлина доаѓа од сонцето, кога е ден е светло, сонцето никогаш не се гаси, тоа ги осветлува Земјата и Месечината, а пак на ноќното небо може да ја видиме Месечината. Таа свети бидејќи ја осветлува сонцето. Во текот на разговорот поттикнете го детето да искаже како ги разликува денот и ноќта (што забележува, што прави кога е ден, а што кога е ноќ.). Потоа предложете му на детето да направите изработка „Ден – ноќ“ со комбинирана техника. Пред да започнете со активноста направете вежби за раздвижување на фината моторика на дланките и прстите, а потоа започнете со работа. На детето ќе му бидат потребни лист од блок, колаж хартија, лепило, ножички, памук, восочни бои и сл. Предложете му на детето да ги затвори очите, поттикнете го да ја замисли својата куќа или зградата во која живее, омилениот парк, игралиште, да замисли какво е небото кога е ден, а какво е кога е ноќ и сл. Потоа ќе го превитка листот од блок на половина (на едната половина ќе изработи ден, а на другата ноќ). На едната половина од листот од блок детето ќе залепи колаж хартија

	во светло сина боја – ден, а на другата половина ќе залепи колаж хартија во темно сина или црна боја – ќе претставува ноќ, а потоа со восочни бои ќе црта, бои, ќе аплицира звезди, месечина и сонце од самолеплива хартија и ќе лепи памук кои ќе ги претставуваат облаците (користете материјали по желба на детето). Поттикнете го детето самостојно да работи, да ги изрази своите мисли, идеи, самостојно да аплицира, да сече, црта, лепи и бои. На крајот пофалете ја изработката на детето и ставете ја на видно место во вашиот дом. Активноста завршете ја со слушање на песната „Часовник“ – Златно Славејче 2008год. ▸Во прилог линк од песната: „Часовник“ https://www.youtube.com/watch?v=hN2e3UbT4JM